Република Северна Македонија
ОПШТИНА ГРАДСКО
Бр. 08-353/2
09.08 2023 год.
ГРАДСКО

**ЗАПИСНИК**
**од 23-та седница на Советот на Општина Градско**
**одржана на ден 12.07.2023 година, со почеток во 14.00 часот**
**во салата на Општина Градско на следниот**

**Д Н Е В Е Н  Р Е Д**

1. Усвојување на Записникот од 22-та седница на Советот на општина Градско.
2. Предлог- Одлука за отпочнување на постапка за изработка на Урбанистички план вон населено место со класа на намена Г1.- производство на енергија и тешка и загадувачка индустрија КО Згрополци, општина Градско.
3. Предлог- Програма за дополнување на програмата за изработка на урбанистички планови во општина Градско за 2023 година.
4. Разгледувања на барања и поднесоци.
5. Разно.

Со Седницата претседаваше Претседателот на Советот на Општина Градско, Мирјана Ѓорѓиева.

Од 9 Советници, на седницата присутни беа сите 9 советници: Мирјана Ѓорѓиева, Цане Будимов, Даниел Мирчов, Тоше Петревски, Јованче Стојанов, Слободан Бошков, Маја Андовска, Боне Спасовски и Сеат Сулковиќ.

На седницата присуствуваше и градоначалникот на општина Градско, Киро Нацков.

По констатацијата дека постои кворум за работа, претседателот на Советот ја отвори седницата, го прочита дневниот ред.

Дневниот ред беше ставен на гласање и со 9 гласа ЗА истиот беше усвоен.

Советот на Општина Градско, пристапи кон поединечно решавање на точките од дневниот ред за 23-та седница на Совет на Општина Градско.

*1.Усвојување на Записникот од 22-та седница на Советот на Општина Градско.*

Претседателот на Совет на Општина Градско, отвори расправа по Записникот од 22-та седница на Совет на Општина Градско.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, го стави на усвојување Записникот од 22-та седница на Совет на Општина Градско.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско го усвои Записникот од 22-та седница на Совет на Општина Градско.

*2.Одлука за отпочнување на постапка за изработка на Урбанистички план вон населено место со класа на намена Г1.- производство на енергија и тешка и загадувачка индустрија КО Згрополци, општина Градско.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 2 од дневниот ред.

Образложение по оваа точка даде Билјана Тасева од Урбан проектинг, на иницијатива на Метрудхем започнавме анализа на КП 57/1 и 57/2 КО Згрополци поранешен ХИВ. Согласно новите прописи за заштита на животната средина , согласно новиот правилник за урбанистичко планирање на земјиште со Г намена може да се поставува фотоволтаични централи. Парцелата ја делиме на три парцели, најголемата е за поставување на панели, втората е за индустрија и административни згради и третата за трафостаницата. Се консултиравме и со Министерство за транспорт и врски намената е хемиска индустрија,

сопственост на РМ, корисничко право на Метрудхем, сите објекти се на Метрудхем. За да биде успешна постапката, за да може да се купи земјиштето (изгледа страшно намена Г1), но ќе се користи како компатибилна намена за поставување на панели. Тврдата градба и трафостаницата си ја задржуваат намената.

Образложение даде и Александар Билобилов, Минеко, ќерка компанија на Метрудхем, сопственици сме на ХИВ. Купена е како фабрика, но објектите се некорисни. Визијата е да го развиеме нашиот бизнис во енергетика. Планираме сето тоа самостојно да го изведиме. Во согласност со законите Владата ги третира како приоритетни и стратешки. По усвојување на оваа иницијатива планираме да го откупиме земјиштето, истото е покрај пат и има приклучок на МЕПСО. Се здруживме со Урбан проектинг и Феро инвест кои што веќе имаат вакво искуство.

Претставникот од Феро инвест истакна дека имаат искуство со ви проекти. Предвидени се пет помали трафостаници кои ќе бидат поврзани.

Александар Билбилов- пристапот за поделба на оваа парцела е делот помеѓу трафостаницата и тврдата градба да може да се искористи за развој кој изискува енергија. Целта е да се изгради фотоволтаична централа и потоа кој вид на индустрија би се вовела понатаму согласно побарувачката, што значи ЛЕР. Би сакале да реализираме 20 мега вати, визијата е да се инвестира во батериски систем.

Цане Будимов- цела ли фабрика ќе ја тргате.

Александар Билбилов- да.

Цане Будимов- гледам опфатено е и петлето.

Александар Билбилов- не тоа не е во наша сопственост.

Јованче Стојанов- дали има некаква гаранција дека нема да биде од типот како досега.

Александар Билбилов- од самите слики ќе видите.

Боне Спасовски- сопственик сте долги години, како дозволивте да дојде до состојба како што е сега.

Александар Билбилов- не е конзервирано како што треба, фабриката ја купивме 2009 година, но не беше економски исплатливо да се прдолжи со работа.

Јованче Стојанов- конкретно Ве прашав имаме ли гаранција дека нема да биде од од таков тип.

Александар Билбилов- доколку треба некаква гаранција ќе дадиме, немаме намера да се продолжи како до сега, иднината е во фотоволтаичните централи. Разговарано е на повисоко ниво, проектот е презентиран и е оценет како стратешки проект. Оваа локација ги има сите услови за таа намена. Има приклучок има трафостаница.

Боне Спасовски- колку вработувања ќе има и дали ќе бидат од општината.

Александар Билбилов- кога ќе се добие дозвола за откуп на земјиштето, ќе се отвори и локална подружница, прво ќе ги користиме локалните ресурси, па после и од страна.

Киро Нацков- како оди целата постапка.

Тања Тасева- прво иницијативата е одбрена од Комисијата, ќе се стави во годишната програма, оди во МТВ поради тоа што е вон населено место. Имаме доставено до сите институции. Планската програма од Комисијата, потоа од Агенцијата за планирање на услови, па Решение од Министерството, се потврдува само намената на планот треба да соодведствува со намената на објектите.

Александар Билбилов- направивме студија намена Г компатибилна намена да биде Г1.

Тања Тасева- се праќа планот на ревидерска куќа, на крај се прави основен проект за фотовотаична централа.

Киро Нацков- временски колку би траело.

Тања Тасева- околу шест месеци минимум, ако се запазат роковите.

Киро Нацков- значи градежните работи би се одвивале најрано наредната година.

Александар Билбилов- реално гледано да, паралелно треба да се почне и со рушење на старите објекти.

Бидејќи никој друг не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Одлуката за отпочнување на постапка за изработка на Урбанистички план вон населено место со класа на намена Г1.- производство на енергија и тешка и загадувачка индустрија КО Згрополци, општина Градско.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско ја усвои Одлуката за отпочнување на постапка за изработка на Урбанистички план вон населено место со класа на намена Г1.- производство на енергија и тешка и загадувачка индустрија КО Згрополци, општина Градско.

*3.Програма за дополнување на програмата за изработка на урбанистички планови во општина Градско за 2023 година.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 3 од дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Програмата за дополнување на програмата за изработка на урбанистички планови во општина Градско за 2023 година.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско ја усвои Програмата за дополнување на програмата за изработка на урбанистички планови во општина Градско за 2023 година.

*4.Разгледувања на барања и поднесоци.*

а) Барање од ЈКП„Клепа“ Градско за одобрување, субвенционирање средства за поставување на нова пумпа за вода за пиење кај с.Уланци за новиот водовод во висина од 100.000,00 денари.

Ванчо Цветков- поради тоа што немаше доволно притисок набавивбме нова пумпа, која што прв пат е пуштена денеска и нивото на водата во базентот е покачена. Со пуштање на канатот има шанси да се намали рестрикцијата.

Боне Спасовски- технолошката вода мора да се врати на комуналното, направена е со самопридонес од граѓаните, подарена им е на Водостопанство Тиквеш.

Ванчо Цветков- Водостопанство ќе ни фактурира 100%, а ние ќе нема да имаме толку наплата, друг проблем е што пола линија е затната. Доколку ни ја дадат исправна, да, во спротивно ќе имаме проблеми.

Слободан Бошков- и повторно ќе наидиме на лица кои што не плаќаат.

По разгледување на барањето советниците едногласно со 9 гласа ЗА го усвоија барањето од ЈКП „Клепа“ Градско.

б) Барање од ПСД„Клепа“ Градско за одобрување финансиски средства за учество во планинарски акции во висина од 30.000,00 денари.

По разгледување на барањето советниците едногласно со 9 гласа ЗА го усвоија барањето од ПСД „Клепа“ Градско.

в) Барање од група граѓани (Мерсуд Суљковиќ и др.) за дислокација на плац за огревни дрва.

Киро Нацков- дојдоа луѓето кај мене сакаат дислокација, се жалеа на бучава, ние не сме надлежни, надлежна е полицијата. Шахтата се затнувала и правела проблем кај Иљас, три дена не сечеле после тоа продолжиле со сечење. Бараат дислокација надвор од населено место. Тука немаат регистрирано фирма, УЈП е надлежен орган.

Сеат Сулковиќ- да ес изгласа да не постои на таа локација, има опасност и од запалување на дрвата, а веднаш до оградата на соседната куќа е.

Боне Спасовски- заеднички да се најде решение.

Маја Андовска- не го почитувале ни редот за мир.

Сеат Сулковиќ- немаат ни регистрирано фирма, се затнува шахтата, се прави бучава, прашина.

Киро Нацков- луѓето сакаа да Ве известат, а ние немаме никаква надлежност.

*5.Разно.*

Сеат Сулковиќ- на крај на улицата 8 Септември се појавија дупки, да се потполната да не се направи некој проблем.

Слободан Бошков- ако се завршени градежните работи на улица 8 Септември ако може да се дислоцира багерот.

Киро Нацков- завршена е но намерно е оставен за да не се вози веднаш по улицата.

Слободан Бошков- ако е веќе направена нека се стави знак за забрана на тешки возила.

Киро Нацков- надлежност на полицијата е.

Слободан Бошков- ако нема знак како ќе реагираат.

Мирјана Ѓорѓиева- исто е и на илица Илинденска поминуваат тешки возила и на МИСА МГ и на Страбаг.

Боне Спасовски- да се наместат знаци. Во Виничани се местат легнати полицајци и некој ги вади, треба да се реагира.

Киро Нацков- за да се наместат и легнати полицајци и знаци потребен е сообраќаен проект.

Откако беа исцрпени сите точки на дневниот ред, Претседателот на Советот на Општина Градско ја затвори 23-та седница во 15.30 часот.

Записник водел:
Мери Седмакова Димовска

Претседател
на Совет на Општина Градско
Мирјана Ѓорѓиева